РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св. Кирил и Методиј
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 17-8-2017
02-1142/5

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1327
07-08-2017 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), по Решение за давање генерално овластување број 08-8064/1 од 03.07.2017 година на министерот за образование и наука, државниот секретар во Министерството за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на четиригодишни студии по Нутриционизам на Природно математички факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на четиригодишни студии по Нутриционизам на Природно математички факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-176/30 од 07.07.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1327 од 07.07.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на четиригодишни студии по Нутриционизам на Природно математички факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 17-529/2 од 20.06.2017 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1327 од 13.07.2017 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус четиригодишни студии наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 17.07.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1327 од 18.07.2017 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв циклус на четиригодишни студии по Нутриционизам на Природно математички факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Анета Трпевска

Доставена до:
- Примач
- Архива

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити